***З А П И С Н И К***
***од 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 14.03.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинскката администрација присутни беа Влатко Станковски-раководител на одделение за финансиски прашања, Сузана Цуцуловска раководител на одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Катерина Огненовска, Јасмина Василевска Перчаковска, Тони Петровски, претставник од општината беше Александра Трајковска. На седницата присутни беа Директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, директорот на Дом на култура „Илинден“ Славче Велјановски, вд директор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Маја Лозановска, претставник за основните училишта Марина Давидовска, од ЈОУД „Втори Септември“ Цане Трајчевски. Присутни беа Мирјана Јанчевска по предходно најавено присуство, ветеринарниот доктор Игор Цветановски и претседателот на здружение на пчелари Александар Цветановски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 20-та седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 9 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2022 до 31.12.2022 год.

2.Донесување на Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година.

3.Донесување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година.

4.Донесување на Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година.

5.Усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година.

6.Усвојување на Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година.

7.Усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2022 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.

8.Усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година.

9.Усвојување на План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за период 2023-2026.

10.Усвојување на Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година.

11.Донесување на Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година.

12.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во УП на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.
13.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во УО на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар.
14. Предлози и прашања

Претседателот на Советот ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. По дневниот ред немаше забелешки и предлози. Со 9 „за“ беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2022 до 31.12.2022 година***

Во врска со Кварталниот извештај објаснување имаше раководителот Влатко Станковски. Претседателот на Комисијата за финансии и буџет Сандра Пејковска објасни Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот за Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2022 до 31.12.2022 година се разгледуваше на комисијата. За извештаите кај СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар имаше забелешка и тоа годишната сметка е изготвена од надворешно лице кое нема овластување, усвоена е годишната сметка од училишен одбор кој не е легитимен има два училишни одбори, трошоците кои се направени не се согласно правилникот, односно средствата се потрошени без да се добие согласност од градоначалникот што е спротивно на правилникот. Поради овие забелешки, а бидејќи извештајот е дел од збирниот кварталниот извештај комисијата за финансии и буџет не гласаше за кварталниот извештај, завршната сметка и предложи да се направи ревизија како се трошени средствата дали се законски и за на седница на Совет да се даде објаснување. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна во врска со членовите од училишниот одбор разговарал со оние членови кои ги предлага Советот, некои не добивале покани за седници на училишен одбор, некои биле канети не оделе на состаноци. Доколку се канети, а не присуствувале на седниците членовите кои ги предлага Советот ќе бидат сменети. Ако има два паралелни училишни одбори треба да се расчистат работите тоа не е во ред. Советничката Марина Димитријовска додаде откако се дадени укажувањата, сум известена дека по посетата од страна на просветниот инспектор нема забелешка за училишниот одбор, за потпишувањата на завршната сметка лицето има лиценца за овластен сметководител таму работеше, зошто нема вработен сметководител тоа е друго. Советничката Сандра Пејковска објасни на комисијата побаравме информација за овие забелешки и да се направи ревизија за да се расчистат работите. Ни беше објаснето најдобро било таа што предходно работела да изготви завршна сметка, а законот вели во ваков случај да се ангажира фирма, исто има забелешки во начинот на трошење на средствата затоа потребна е ревизија. Советникот Аце Јанкуловски додаде средствата од сопствени приходи треба да се трошат согласно правилникот, бараме објаснување дали е така постапено и дали има пренамена на средствата. Советничката Марина Димитријовска праша дали оваа година е поинаку од предходна година. Градоначалникот Никола Најдовски истакна важно е да се работи согласно законот, дали има разлика или не со тоа што се работело предходно не е ни битно, треба да се работи согласно закон. Вакви повикувања на записник од инспекциски надзор, ако никој не побарал одговорност незначи дека не треба. Не држи тоа лани така се работел така и така да се продолжи. Ако законот вели градоначалникот треба да даде согласност за пренамена на средства, а не е побарано, незначи дека нетребало согласност од градоначланик. Јас ја пратив ревизијата направен е извештај, нетреба инспекција да каже дека од оваа сметка не треба репрезентација да се плаќа. Советникот Аце Јанкуловски праша што ако стани пракса да се работи надвор од правилникот. Советничката Марина Димитријовска додаде само прашав како се работело предходна година. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и даде збор на вд директорката Маја Лозановска да објасни. Во својата дискусија вд директорката Лозановска истакна средното училиште нема служба во финансиите откако сметководителот и благајникот се пензионирани од април 2022 година. Тоа не е по наша вина Добрица Алексовста ги вршеше сметковдствените работи за сите училишта, зошто во другите училишта нема ревизија и таму нема консалтиг фирма. Склучивме договор на дело со Добрица Алексовска има лиценца 40 години

работеше на тоа работно место. За училишниот одбор нема паралелен училишен одбор, има повеќе претставки имаше инспекција не утврдија неисправност во работата, членовите кои ги предложи Советот се поканетуваат, но истите не присуствуваат на последните седници. За начинот на трошење на средствата од сопствени приходи има правилник донесен во 2016 година како се распоредуваат средствата во приходи и расходи, во член 6 е објаснета распределбата, 40 % треба да се трошат за набавка на дидактички средства, сите средства треба да се трошат за потребите на училиштето за збогатување на библиотичниот фонд, спремање на простории, посета на саеми, учество на натпревари, нема патни расходи. Како ќе се направи посета ако не се плати пат или сендвичи на учениците и професорите. 10% за проекти, 20% за ангажирање на лица таму професорите работат и треба да се платени, наставниците остваруваат приходи кои не ги користат. Нема злоупотреба на овие средства сите не се потрошени. Советничката Сандра Пејковска  забележа никој не спомна злоупотреба на средства само баравме ревизија ако е во ред нема проблем. Многу често не посетуваат инспектори, финансиска полиција  додаде вд директорката Маја Лозановска не сметам дека се надминати процентите согласно правилникот, по исклучок на член 6 овие средства можат да се користат по предходно добиена согласност од општината. Не е толку ригорозно и стрикно вие го одобрувате Буџетот, имаше случај кога по тужба беа повлечени средства од ставки кои се за друго наменети. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали општината има извршено ревизија. Градоначалникот Никола Најдовски објасни внатрешната ревизија има направено контрола и предходна година и оваа година потрврдени се грешките, но од нивна страна се оспорени дека внатрешните ревизори немале лиценца. Потоа објасни вработените внатрешни ревизори се поставени од предходниот градоначалник и имаат лиценца. Она што вд директорката го кажува не е така секоја пренамена на овие средства се врши со одобрение на градоначалникот има и други неправилности кои пристигнуватаат  до мене и тој фамозен училишен одбор, на ова имам укажано неколку пати. Во делот на записниците од инспекциските контроли, да видите дека таму училишниот одбор е невалиден, има членови лица кои не смеат да бидат членови, она што стига до мене морам да го проследам, за сертификатот за познавање на англиски јазик не побарал оти никој не се пожалил, а не дали согласно закон треба или не. Ми се одземени ингеренциите неможам да дејствувам, но она што стига до мене морам да го проследам до инстутуциите. Законска обврска е да се објави завршната сметка на веб страната, тоа не е направено, ревизијата има укажување на нерегуларности во работењето, ревизијата не ја назначив јас, таа е од предходниот градоначалник назначена. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа зошто сите завршни сметки се заедно. Раководителот Влатко Станковски објасни тоа мора да е така, така се изготвуваат, ако побарате посебни извештаи. Советникот Валентин Несторовски додаде можи да се носат посебни извештаи во општина Битола така се практикува. Советничката Сандра Пејковска истакна вака е изготвена завршната сметка ќе гласаме за усвојување, но со заклучок да се направи ревизија  за сите овие дилеми кои ги наведовме во дискусијата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали сме надлежни да носиме акти, бидејќи се одземени ингеренциите, се согласи да се направи ревизија да се расчистат сите дилеми. Градоначалникот Никола Најдовски објасни одземени се ингеренциите само за поставување на директорот. Вд директорката Маја Лозановска додаде зошто само јас сум на тапет, член во училишен одбор може да биде секој наставник кој е вработен во училиштето, легитимно е избран и разрешен согласно законот, има незаконско разрешување на директорот и тоа ги повлече сите овие работи. Завршната е во согласност со финансикиот план на Буџетот и така е реализиран. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде јас никого не навредив предлогот да се направи ревизија е прифатен, имаше забелешки дека трошењето не во рамките на правилникот затоа се бара ревизија, тие ќе кажат дали е во ред или не, ревизија да се направи во сите институции кои се под надлежност на општината не само во средното училиште. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ревизијата работи согласно план и се врши ревизија секаде. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување до каде е постапката со вработувањата на сметководител и благајник. Вд директорката Маја Лозановска   објасни на 30.12.2022 година беше распишан оглас, но бидејќи постапката не беше завршена, а премина во друга година имаше потреба од нова согласност, додека

се чекаше согласноста Министерството за финансии побара уште една табела дека има обезбедно средства во буџетот, истата беше доставена до градоначалникот на потпис и тука застана постапката се чека табелата да биде потпишана од градоначалникот. Во насока на дискусијата градоначалникот Никола Најдовски дополни согласноста беше побарана 22.02.2023 година откако е извршен избор, зошто треба да давам согласност кога по постапката во првата фаза сум прескокнат и сега се враќа назад, одобрените средства се за 2022 година, а за 2023 нема нови средства, за сега да се направи ситуација дека јас ја кочам работата. Барам мислење од просветен инспектор од тоа ќе зависи дали ќе ја потпишам согласноста. Ако веќе се извршил избор зошто сега се бара согласност. Советничката Марина Димитријовска истакна таква е постапката кога преминува нова година тоа не значи дека градоначалникот е прескокнат. Се бара продолжување на веќе добиената согласност. Советничката Сандра Пејковска објасни требало прво да се добие согласноста па да се прави избор. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша од сето изнесено каде е сега кочницата. Вд директорката Маја Лозановска вината ја упати кај градоначалникот училиштето е оставено без финансиска служба од април 2022 година. Градоначалникот Најдовски постапката ќе продолжи после добивање на одговор од инспекторатот, треба да се има одговорност како се сведе училиштето да има по четири ученици во паралелка тоа е главното прашање. Дискусијата беше исцрпена. За завршната сметка на општина Демир Хисар за 2022 година гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 2. Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година***

Претседателот на Комисијата за финансии и буџет Сандра Пејковска објасни Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година исто како и за кварталниот извештај комисијата имаше потреба од дополнителни објаснувања во врска со извештаите на СОУ „Крсте П. Мисирков“. Во врска со завршната сметка објаснување имаше раководителот на општината Влатко Станковски. Советничката Марина Димитријовска забележа пред завршната сметка треба да се разгледуваат извештаите за реализација на програмите од предходна година, а потоа укажа на неусогласенот по однос на обврски во годишниот извештај и извештајот за попис на што се должи тоа. Претседателот на Советот побара писмено да се одговори по направениот увид зошто не се идентична состојбата. Дискусија повеќе немаше. Со 6 „за“ 5 „воздржани“ завршната сметка беше донесена.

***ТОЧКА 3. Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година***

Претседателот на Комисијата за финансии и буџет Сандра Пејковска објасни Годишниот извептај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година исто како и за кварталниот извештај комисијата имаше потреба од дополнителни објаснувања во врска со извештаите на СОУ „Крсте П. Мисирков“.Во врска со годишниот извештај објаснување имаше раководителот на општината Влатко Станковски. Дискусија немаше. За донесување на извештајот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 4. Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година***

Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година беше донесена од Комисјата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 5. Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година***

Завршната сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година беше усвоена од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Во врска со завршната сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Во врска со завршната сметка Советничката Марина Димитријовска забележа има зголемени приходи кај куќен смет, исто има зголемување потрошена електрична енергија и кај горива и масла. Побара објаснување за ставката договор на дело за кој вработувања се работи, потоа за камати за задоцнето плаќање и за трошоци за регулаторна комисија зошто има разлика споредено со предходна година. Директорот Гоце Мицковски објасни тоа се должи на зголемување на цената на електричната енергија имавме

сметки пред тоа од 400.000 па стигнавме до 1.200.000, сега се 700.000. Бидејќи имаше вработени кои се пензионирани, а имаше потреба од ангажирање на работници, а немавме план ангажиравме лица со договор за дело. Каматите за задоцнето плаќање се за сметките за електрична енергија, а трошоците за регулаторна комисија се плаќа за извештаите кои се изготвуваат секој три години. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на завршната сметка гласаа 6 „за“ 4 „против“ воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Програмски извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година***

Програмскиот извештај за работата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година беше донесен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот овјаснување имаше директорот Славче Велјановски. Советничката Марина Димитријовска упати пофални зборови за сеопфатноста на материјалите за совет и за активностите. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2022 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар***

Годишниот извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2022 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Едногласно со 10 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 8. План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година***

Планот за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јнакуловски. За извештајот објаснување имаше директорот Славче Велјановски. Дискусија немаше. Едногласно со 10 „за“ беше усвоен планот.

***ТОЧКА 9. План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за период 2023-2026***

Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за период 2023-2026 беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За планот објаснување имаше раководителката Сузана Цуцуловска. Советничката Марина Димитријовска праша дали планот е изготвен исто како и предходната година. Раководителката Сузана Цуцуловска имаше воведно излагање за планот, со овај план се продолжува предходно беше 2019-2022 година, воглавно е ист со мали текстуални измени за 2023 се планирани 200.000 за заловување на 30 кучиња, а за останатите три години по 400.000 за заловување по 60 кучиња годишно. Во врска со планот претседателот на Советот Љупчо Најдовски збор и даде на Мирјана Јанчевска претставник на граѓаните на општината. Во својата дискусија Мирјана Јанчевска забелешка упати за работата на предходната година во 2022 година општината има две тужби за обештетување на лица каснати од бездомни кучиња, а тоа се должи на ненавремено преземање на мерки. Пдобро е да се преземи превентивна мерка и да се заловат женските кучиња да се спречи парење, и да се заловат повеќе кучиња отколку да се плаќаат високи суми за обештетување и граѓаните да имаат непријатни ситуации. Затоа добро е да се вклучат и граѓаните во 2022 да се третираа повеќе кучиња и да се соработуваше со граѓаните немаше да има тужби. Редовно да се стерилизираат женските кучиња најдобро ќе се спречи да имаме нови бездомни кучиња. Исто треба да се преземи нешто со кучињата на сопствениците кои не се чипирани. Не смее да има нечипирани кучиња да се знае кое куче е бездомник, а кое има сопственик. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде општината распишува јавна набавка во соработка со веренираната служба врши заловување на кучињата, овде се Сузана Цуцуловска и Тони Петровски претставници од општината кои се барат со оваа проблематика тука е и градоначалникот заеднички да видиме каде треба да се подобри соработката. Ако треба да се одвојат средства да се ангажираат и волонтери за соработка.

Раководителката Сузана Цуцуловска објасни и да се планираат повеќе средства не значи дека нема да има случај на каснување на граѓани, едно куче да е можи да нападни. Тука треба да се внимава колку се надлежностите на општината кај кучињата кои не се бездомни. Советничката Сандра Пејковска укажа на законската регулатива законот е јасен средствата се толку, треба повеќе примена на законот, да се пријавува до ветеринарниот инспектор за кучињата на сопствениците кои не се чуваат согласно одредбите на законот и на тој начин да се влијае на одговорното однесување на сопствениците ако сака да чува куче тоа треба да биде по пропишаните правила. Ако општината не е надлежна за кучињата кои не се бездомни да се пријавуваат кај ветринарен инспектор. Со преземање на мерки за сопствениците се согласи и Мирјана Јанчевска да се вклучат повеќе лица волонтери да се излези на терен и да се казнуваат неодговорните сопственици на кучиња. Од целата дискусија Претседателот на Советот предложи да се донеси заклучок да се направи средба кај градоначалникот на која ќе бидат присутни Градоначалник на општина Демир Хисар Никола Најдовски, Претседател на Совет Љупчо Најдовски, Мирјана Јанчевска-граѓанин на општината, советник Аце Јанкуловски, Раководителот на одделението за инспекциски надзор Сузана Цуцуловска, Ветеринарниот доктор Игор Цветановски да се најди начин да се реши проблемот. Едногласно беше прифатен заклучотот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Планот гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена на комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше раководителката Сузана Цуцуловска. Дискусија немаше. Едногласно со 9 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 11. Програма за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС извештајот го поднесе членот на комисијата Марина Димитријовска. За дополнувањето на програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Дискусија немаше. Едногласно со 9 „за“ беше донесена програмата.

***ТОЧКА 12. Решение за разрешување и именување на член во УП на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Во врска со решение за разрешување и именување на член во УП на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Сандра Пејковска објасни членот Магдалена Вељановска си поднесе оставка поради судир на инетереси, за нов член на УО имаше два предлози на комисијата, изгласан беше Иван Балуловски од с.Слепче. Дискусија немаше. За предлогот гласаа 5 „за“ 4 „против“.

***ТОЧКА 13. Решение за разрешување и именување на член во УО на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар***

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Сандра Пејковска објасни од УО на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар, се разрешува Александар Пејковски, на предлог на комисијата се именува Валентина Ѓорѓиовска од с.Кутретино. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни од страна на Здравствениот дом имаше поднесено укажување дека предходно предложениот член не ги исполнува условите затоа се бараше преиспитување на предлогот, потоа праша дали сега предложениот член ги исполнува условите, бидејќи членот треба да има правен факултет, фармација или да биди доктор. Од страна на претставникот од општината Александра Трајковска беше објаснето членот во УО во Здравствен дом може да биде именувано лице кое има

високо образование од областа на здравството, економијата и правото.  Дискусија повеќе немаше. За донесување на Решението гласаа 5 „за“ 4 „против“.

***ТОЧКА 14 Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна и на предходната седница беше разгледувано барањето од здружението на пчелари, а сега присутен е и претседателот на здружението Александар Цветановски. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни го разгледа барањето на здружението, од нив се бара промена на законот. Советот нема надлежност да менува закон, во 2014 година е донесена Одлуката за комунален ред оваа одлука е слична во повеќе општини, и таму е регулирано пчлените семејства да се чуваат на растојание од 500 м од населено место, истото се однесува за чување и останатите грла стока. Претседателот на здружението Александар Цветановски се заблагодари на претседателот за укажаната можност да се расправа за нивното барање, при тоа објани да се направи измена да се дозволи чување на пчелни семејства на растојание од 100 метри од ДУП, ова барање е поради се почести напади од мечка исто се однесува на рурална општина и не можи да се споредува со други урбани општини. Што се однесува за каснување од пчлена тие летаат на 6 км, а работата му е на растојание од 2,5 км што значи тоа не е проблем. Во Демир Хисар повеќе од 100 семејства остваруваат егзистенција од пчелите и не е добро да се бркаат луѓето каде да се поставуваат пчелните семејства на вака пропишано растојание влегуваат во друг атар. Советничката Сандра Пејковска додаде македонската пчела е под посебен режим на заштита, исто пчеларите имаат намера да вршат едукација, Советот не можи да го менува законот, но можи во одлуката за комунален ред да се направи измена. Не постои законско ограничување на 500м, побарав мислење од Министерство за земјоделие, исто ми беше укажано не постои ограничување, единствено проблем е за граѓаните кои имаат алергија на убод од инскети. Барањето е издржано без делот кој се однесува на законска измена, но за одлуката се согласувам да се измени да се дај подршка на барањето, но и да се земе во предвид и укажувањето на граѓаните. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни растојание од 100 м е исто како да се укини оваа одредба, нас ни е полесно сите кои реагираат ќе ги упатиме до Советот, исто не е точно дека пчеларството е во изумирање, исто не е точно дека сите се од Демир Хисар, некои живеат настрана, а пчелите ги чуваат тука. Никаде не сме зеле метро да мери дали се на определеното растојание, има толеранција, но онаму каде има рекции од населението барем да има пристојно одалечено растојание. Имаме случај во Кочишта човекот живее во Крушево пчелите ги чува во Кочишта во двор, а детето во комшиите  е алергично. Има пријави од жителите излегуваме на терен има и казни. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе заклучок да се направи средба во кабинетот на градоначалникот во состав Градоначалник на општина Демир Хисар Никола Најдовски, Претседател на Совет Љупчо Најдовски, Раководителот на одделението за инспекциски надзор Суза Цуцуловска, претседателот на здружението Александар Цветановски  со цел да се запазат интересите и на граѓаните и на пчеларите. Едногласно беше донесен заклучокот.

-Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците има доставено барање до Советот од Никола Стојковски за финансиска подршка во висина од 400 евра за патување во Лисабон Поругалија каде ќе се одржи интернционален колоквиум насловен „Spectres of Reason“ во организација на група за филозовски истражувања, со учеството на овај колоквиум ќе се промовира општината Демир Хисар. Едногласно со 9 „за“ беа одобрени финансиските средства.

-За барањето од МЗ Вардино Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците се бара санација на патот до манатирот. Едногласно беше одобрено барањето.

Дискусија повеќе немаше.
Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17-444/2
12.03.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.